Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-80/2
27.02.2024 год./viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-144
29.02 2024 год.
Плаценица

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE KOMUNALE
АМБИЕНТИ - AMBIENTI
Бр./Nr. 10-27
27.02 2024 год./viti
АРАЧИНОВО - HARAÇINË

ДОГОВОР

за набавка на горива и масла за потребите на возен парк на општина Арачиново и ЈКП Амбиенти – Арачиново

Склучен на ден 27.02.2024 година во Скопје помеѓу следните

Договорни страни:

1. **Општина Арачиново**, со седиште на ул. 1 бр.2 во с.Арачиново, застапувана од Градоначалникот на Општина Арачиново, Ридван Ибраими (во понатамошниот текст прв договорен орган - нарачувач),
2. **ЈКП** Амбиенти – **Арачиново**, со седиште на ул.14 бр.бб во с.Арачиново, застапувана од директорот Арсим Бајрами (во понатамошниот текст втор договорен орган - нарачувач) од една страна

и

3. **ДПТУ Пуцко Петрол ДООЕЛ Скопје** со седиште на Подруж. ул. „ бул.Партизански одреди бр.104 Карпош3 ". во Скопје застапувано од одговорно лице Божанка Грозданова, (во понатамошниот текст носител на набавка - снабдувач), од друга страна.

Предмет на договор

Член 1

Предмет на овој Договор е: **набавка на горива и масла за потребите на возен парк на општина Арачиново и ЈКП Амбиенти - Арачиново**, врз основа на прифатената понуда од 16.02.2024 година, по спроведена поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка по огласот бр. 01481/2024.

Издавање и употреба на картичките

Член 2

Носителот на набавката ќе му ги издаде на договорниот орган по негова претходна писмена нарачка картички, следниот ден од денот на пристигнувањето на нарачката кај носителот на набавката.

Носителот на набавката е должен да ги издаде картичките само на лице кое ќе се легитимира со писмено овластување издадено од договорниот орган.

Вредност на набавката

Член 3

Единечната цена за набавка на 1 (еден) литар безоловен бензин (ЕУРОСУПЕР-95) без вклучен ДДВ изнесува 67,36 денари, вкупната цена за набавка на 1.000 литри безоловен бензин (ЕУРОСУПЕР-95) без вклучен ДДВ изнесува 67.360,00 денари односно 79.485,00 денари со вклучен ДДВ.

Единечната цена за набавка на 1 (еден) литар нафта (ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)) без вклучен ДДВ изнесува 66,51 денари, вкупната цена за набавка на 14.000 литри нафта (ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)) без вклучен ДДВ изнесува 931.140,00 денари односно 1.098.745.20 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност на горивата од ставовите 1 и 2 од овој член без вклучен ДДВ изнесува 998.500,00денари.

Во единечната цена е вклучен попуст (рабат) од 0,01 денари, и истиот ќе важи при секоја промена на цената на ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) горивата од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Член 4

ЕУРОСУПЕР-95 и ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) горивата кои се предмет на овој Договор се продаваат од бензинските станици на носителот на набавката според малопродажните цени утврдени согласно Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати кои важат на денот на испораката.

За издадените деривати на бензинските станици, носителот на набавката му издава "сметка" на договорниот орган која мора да биде потпишана од дветте договорни страни.

Доколку за време на испораката дојде до било каква промена во однос на цените, фактурирањето ќе се врши по новите цени.

Економскиот оператор на барање на овластените лица е должен да издаде посебни картички (безготовинска) за **Општинска администрација** и за **ЈКП Амбиенти - Арачиново.**

Економскиот оператор е должен да издаде 2 (две) посебни фактури на месечна основа и тоа: со назнака за **Општина Арачиново** и за **ЈКП Амбиенти - Арачиново**.

Начин на плаќање

Член 5

Плаќањето на издадените количини, договорниот орган е должен да го изврши по истекот на 30 дена од денот на приемот на фактурите во седиштето на договорните органи.

Доколку договорниот орган плаќањето го врши после роковите утврдени во став 1 на овој Договор, носителот на набавката има право да засмета и наплати законска казнена камата сметано за целиот период на доцнење.

Доколку договорниот орган има доспеани , а неплатени обврски по основ на овој договор, носилтелот на набавката го задржува правото да не издава нови картички до целосно подмирување на долгот.

Обврски на договорниот орган

Член 6

Договорниот орган се обврзува да ја исплаќа вредноста на горивата за моторни возила според цените и условите наведени во членовите 3, 4 и 5 од овој Договор.

Доколку носителот на набавката не се придржува до обврските од овој Договор, договорниот орган може едностарно да го раскине Договорот.

Гаранција за квалитет

Член 7

Носителот на набавката се обврзува дека ќе испорачува горива кои се со квалитет согласно со Правилникот за квалитет на течни горива, со стандардите во Република Северна Македонија и со меѓународните стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Заеднички одредби

Член 9

Овој договор стапува во сила на денот на потпишувањето и е со времетраење од 1 (една) година.

Член 10

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 11

Овој договор може да се измени или дополни само со взаемна согласност на договорните страни и сите измени и дополнувања можат да се вршат само по писмен пат.

Член 12

Договорните страни се согласни евентуално настанатите спорови да ги решаваат првенствено спогодбено, а доколку спорот не го решат, истиот ќе го решава надлежниот суд.

Член 13

Овој договор е направен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за договорните органи и 2 (два) за носителот на набавката.

Прв Договорен орган – нарачувач
Општина Арачиново
Градоначалник
Ridvan Ibraimi

Носител на набавка – снабдувач
ДПТУ Пуцко Петрол ДООЕЛ Скопје
Одговорно лице
Божанка Гр[illegible]

Втор Договорен орган – нарачувач
ЈКП Амбиенти – Арачиново
Директор
Arsim Bajrami